Бр. 34 Цена: 50 ден. јуни 2012

# ШТИТ

ISSN: 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



20 ГОДИНИ АРМ

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

20 ГОДИНИ ВОЕНА ПОЛИЦИЈА НА АРМ

## ОДЛИЧНО ОСПОСОБЕНА ЕДИНИЦА

НАТО-ПЗМ ВЕЖБА „КООПЕРАТИВНА ДОЛГА СТРЕЛА/ЛАНСЕР 2012"
"COOPERATIVE LONGBOW/LANCER 2012"

## ВИНОЖИТО НАД „КРИВОЛАК"

ТРАНСФОРМАЦИЈА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## НОВА ДИМЕНЗИЈА



# НОВА ДИМЕНЗИЈА

## ТРАНСФОРМАЦИЈА НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Предизвикот за следење на современите текови во областа на одбраната не ја заобиколи ниту Армијата на Република Македонија. Современиот свет наметна потреба од партиципирање и активно учество во колективните системи за безбедност и одбрана. Таквата потреба отвора нова димензија за изнаоѓање соодветни решенија во системот на одбраната, но во исто време условува и со компатибилност во однос на колективните системи за одбрана. Условеноста за компатибилност на Армијата на Република Македонија со другите структури на колективната безбедност и одбрана е и појдовната основа и причината за измена на структурата и отпочнување на процесот на трансформацијата.

Одбрана и заштита на територијалниот интегритет и на независноста на Република Македонија, учеството во колективната самоодбрана на НАТО, придонес во операциите во целокупниот спектар на мисии на ООН, на НАТО и на ЕУ, како и заштита на пошироките интереси на Република Македонија, е всушност мисијата на Армијата на Република Македонија, која е произлезена од Стратегијата за одбрана.

Стратегијата за одбрана ја утврди потребата од дизајнирање на поефикасна и пофлексибилна структура на АРМ, способна за справување со сите безбедносно-одбранбени закани, предизвици и ризици при остварување



на мисиите и задачите во земјата и во странство. Стратегијата за одбрана ги ажурира насоките за стратегиските мисии и воените задачи на АРМ, базирајќи се на сопствените ресурси, научените лекции и можности.
АРМ како столб на системот на одбраната, а ГШ на АРМ како највисоко стручно тело на МО за прашања за Армијата, ги согледа потребите од преструктуирање во своите редови и со цел исполнување на уставната улога, мисиите и преземените обврски и развој на нови оперативни сили и способности за одбрана на земјата, отпочна со трансформација.
Генералштабот на АРМ се преструктуира во единствена стратегиска команда во насока на зголемување на способностите за:
- стратегиско воено планирање и анализа;
- поефикасно командување и контрола врз командите и единиците на АРМ;
- следење и одржување на оперативната готовност на АРМ;
- планирање на обуката во согласност со стандардите на НАТО;
- планирање на логистичката поддршка и
- интегрирање во воената структура на НАТО.

Во изготвувањето на новата организациско-формациска структура на АРМ, ГШ ги ползуваше искуствата и научените лекции од досегашните процеси на трансформација, од мисиите надвор од територијата на земјата, препораките на сојузничките армии, како и искуствата на советодавните тимови на НАТО и БАХ.
Генералштабот на АРМ како единствена стратегиска команда, остварувајќи ги своите задачи ќе придонесе за:
- единствено командување и поефикасно планирање, организација, координација, извршување и контрола на потчинетите единици во мир, вонредни ситуации при изведување на борбени операции;
- зајакнување на главните функции на стратегиско рамниште (планска, аналитичка, координативна и контролна);



## СТРУКТУРА НА ГШ НА АРМ



- обезбедување на централизирано планирање и децентрализирана реализација;
- развој на функционалните врски по хоризонтала и вертикала и можност за покоординирана работа на сродните организациски единици во ГШ и МО;
- подобра координација на штабните процеси и поефикасен проток и контрола на информации;
- поедноставно воено планирање, планирање-изведување-оценување на обуката;
- флексибилен персонален менаџмент;
- поефикасна обработка и дистрибуција на разузнавачки податоци;
- поедноставно формирање и подготовка на привремени состави (единици за задача, СПБ, ББГ, Сили за ЕУ БГ 2012) за извршување на мисии во Република Македонија и надвор од Република Македонија.

Трансформацијата ќе предизвика и значајни промени во структурата на Армијата преку намалување, групирање и реорганизирање на единиците во четири основни категории:
- борбени сили (за конвенционални и специјални операции);
- сили за борбена поддршка (огнена, инженериска, ПВО, АБХО, разузнавање, заштита на силите и електронско војување);
- сили за борбено-сервисна поддршка (снабдување, одржување, транспорт, логистика и инфраструктура);



персоналниот менаџмент, на обуката и на образованието, модернизација и рационализација на пополнувањето, на опремувањето и на одржувањето на МТС;
- развој на поголеми оперативни сили и способности, како и достигнување на поголема интероперабилност, ефективност и флексибилност со НАТО-силите и сојузничките армии;
- развој на современи оперативни сили и способности за ефикасна одбрана на суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ, поддршка на силите на МВР и на цивилните власти преку системот за управување со кризи;
- брзо распоредување на сили во операции далеку од територијата на РМ предводени од НАТО, од ОН и од ЕУ и изведување на спектар на операции во сложени борбени и климатско-географски услови и др. ;
- ефективна разузнавачко-извидувачка поддршка на операциите;
- преструктуирање на логистичката поддршка на борбените сили и на распоредените контингенти во мисиите надвор од земјата;
- групирање на силите за воздушна поддршка, ПВО и набљудување и контрола на воздушниот простор;
- редуцирање на инфраструктурата и на армиските недвижности.

### СУШТИНСКИ ПРИДОБИВКИ

Со трансформацијата на Армијата на Република Македонија како резултат на потребите за следење на современите текови на колективните системи за безбедност и одбрана се остваруваат суштински придобивки кои се гледаат преку:
- развој на капацитетите и способностите за поголема ефикасност, огнена моќ, заштита и опремување на силите со индивидуални борбени средства, средства за лична и колективна НХБ-заштита, поефикасни врски, или, поедноставно речено – КиК во пешадиските и артилериските единици;
- развој, подготовка и распоредливост на околу 50% од борбените сили, силите за борбена и борбено-сервисна поддршка и ниво на распоредени сили на АРМ надвор од територијата

## СТРУКТУРА НА АРМ






- резервни сили.

Процесот на трансформација треба да придонесе за:
- изградба на целосно професионална армија (пополнета со персонал и главна опрема преку 90%), способна да се справи со идните предизвици и закани и да ги изврши дефинираните мисии;
- унапредување на системот на КиК, на

на РМ до 8% од составот на оперативните сили;
- развивање на трупни капацитети и способности за извидување, разузнавање, набљудување, определување на цели и воздушно набљудување;
- групирање и развој на силите и капацитетите за непосредна воздухопловна поддршка, ПВО и заштита на воздушниот простор;
- развој и употреба на средства и опрема за справување со импровизирани експлозивни направи и несмртоносни капацитети;
- поефикасна и поедноставна логистичка поддршка на силите (контингентите) распоредени во мисии-операции надвор од територијата на РМ;
- полесно, побрзо и поефективно определување, формирање, обука, опремување, поддршка и распоредување на времените состави-декларирани сили за разни мисии и операции предводени од ООН, од ЕУ и од НАТО.



Компатибилноста на Армијата на Република Македонија со останатите армии ќе се оствари преку процесот на трансформација со имплементација на критериумите и нормите во согласност со поставените стандарди. Во таа насока со организациско-формациските промени во Армијата ќе дојде до:
- намалување на распонот на КиК во ГШ на АРМ (помалку единици на врска);
- групирање на борбените единици во една мпбр;
- групирање на силите за ВВ, ПВО и ВНЈ во вбр;
- реструктуирање на логистичката поддршка во брЛП;
- корекција на критериумите за поставување на АВС според усвоената структура која може да се види во унифицирање на чинови и должности по нивоа на структура (вод-чета-баталјон-бригада);
- дефинирање на распон на чинови за одредени формациски места за полесна имплементација на структурата и пофлексибилно водење во кариерата;
- определување на критериуми за чинови за специфични должности и формациски места (во брЛП, КСС и вбр);
- вградување на резервните сили од КОД во составот на ЗОК;
- вградување на воените амбуланти од логистичките баталјони во составот на ВМЦ/брЛП;
- дефинирање на алтернативни формациски места со работни места за АВС и ЦЛ и ПФВ и ЦЛ;
- унифицирање на кратенките, називите и елементите во книгите на формации.

Организациско-формациската структура по завршувањето на процесот на трансфомацијата ќе овозможи поставување на персоналот и непречено унапредување и развивање во кариерата, движење на персоналот по хоризонтала и по вертикала во хиерархиската воена поставеност, достигнување на процентот за правична застапеност на етничките заедници, организирање на курсеви за промена на ВЕС-ти.

Успешниот процес на трансформација на Армијата на Република Македонија е одреден со дефинирање на приоритети и тежишни задачи во трансформацијата кои можат да се видат во измените и приспособувањата на законската и нормативно-правната основа како предуслов за трансферот на функциите и задачите од ГШ на АРМ на потчинетите команди и единици, трансфер на одговорностите и функциите од ГШ на АРМ на ЗОК и други потчинети команди и единици, логистичка поддршка на трансформацијата и на функционирањето на АРМ, дефинирање на структурата на резервните сили на АРМ и определување на стратегиска резерва во структурата на АРМ, подготовка на декларирани сили за учество во мисии и придонес во операциите предводени од НАТО, од ЕУ и од ООН и модернизација и опремување на Армијата на Република Македонија.

## ОПРЕДЕЛЕН И ДЕФИНИРАН ПРИСТАП

Трансформацијата како процес е одредена со потреби и приоритети, но истата е и предизвик за определување на суштинското и неопходното. Изреката на Стивен Р. Ковеј, „Суштината не е во тоа да се направат приоритети во својот распоред, туку приоритетите да се распоредат", всушност ја определува насоката и начинот на пристапот во процесот на трансформацијата. Определениот и дефиниран пристап ќе обезбеди почитување на роковната рамка, ефикасно водење на процесот и ќе даде видливи резултати за успешна трансформација.

Периодот за размислување, предлози, идеи и варијанти е веќе зад нас. Претстои планска и тимска работа за реализација на поставените цели во процесот на трансформација на Армијата на Република Македонија или, како што рекол Том Петерс, „Не можете само со размислување да најдете пат надвор од рамките. Морате да дејствувате".

*д-р Мухамет Рацај*
*Ивица Даневски*